MACEDONIAN

FECCA
Federation of Ethnic Communities' Councils of Australia

# Дали имате идеи како Службите за нега на постари лица [Aged Care Services] би можеле да нудат подобри услуги за лицата од доселеничко и бегалско потекло?

Кралската комисија за испитување на квалитетот и безбедноста на негата за постари лица [The Royal Commission into Aged Care Quality and Safety] сака да ве чуе!



ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД АВСТРАЛИСКИОТ ДРЖАВЕН ОДДЕЛ ЗА ЗДРАВСТВО



# 1. ШТО Е КРАЛСКАТА КОМИСИЈА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И БЕЗБЕДНОСТА НА НЕГАТА ЗА ПОСТАРИ ЛИЦА?

- Во октомври 2018, Австралиската влада ја воведе Кралската комисија [Royal Commission] да испитува колку добро организациите и службите се грижат за постарите лица (станува збор за старосната нега). Кралската комисија е независна од владата.
- Кралската комисија мора да добие колку што е можно повеќе информации во врска со тоа кои се проблемите, што е добро, како и идеи за измени во иднина.
- Во октомври 2019, Кралската комисија  објави привремен извештај во кој се опишани многу од проблемите во врска со старосната нега за кои дознала од луѓето.
- Комисијата сега сака луѓето да и ги кажат нивните идеи како да се подобри старосната нега.  Ако имате некои идеи, мора да ги кажете пред **30 јуни 2020**.
- После тоа, Кралската комисија ќе и достави на Австралиската влада краен извештај до ноември 2020. Овој извештај ќе содржи препораки за подобрување на старосната нега за секого.
- Можете да дознаете повеќе за Кралската комисија на повеќе од 30 јазици на https://agedcare.royalcommission.gov.au/about/Pages/other-languages.aspx

# 2. ЗОШТО Е ВАЖНО ДА И КАЖАМ НА КРАСКАТА КОМИСИЈА ШТО МИСЛАМ ЗА СТАРОСНАТА НЕГА?

- Кралската комисија веќе има чуено дека често е комплицирано и тешко за некои лица од доселеничко или бегалско потекло или за лица кои не го зборуваат добро англискиот јазик, да најдат и користат услуги на старосна нега.
- Тие исто така слушнале дека некои луѓе чувствуваат дека некои организации не ги разбираат нивните културни и верски потреби.
- Сега Кралската комисија сака лицата од доселеничко или бегалско потекло или нивните семејства и пријатели да и кажат како старосната нега може да биде подобра за нив во иднина.
- Во Кралската комисија разбираат дека на некои лица кои не го зборуваат добро англискиот јазик може да им биде тешко да кажат што мислат.
- **Токму затоа Кралската комисија ќе плати за преведувачи (усмено и писмено преведување) со цел луѓето да можат да ги споделат нивните идеи на нивниот јазик.**
- **Ова е прилика за вас да кажете што мислите! Ако многу луѓе го направат тоа, старосната нега може да биде подобра за секого.**



# 3. КАКО МОЖАМ ДА И ГИ КАЖАМ МОИТЕ ИДЕИ НА КРАЛСКАТА КОМИСИЈА КАКО ДА СЕ ПОДОБРИ СТАРОСНАТА НЕГА?

- Можете да ги споделите вашите идеи на англиски јазик или **на вашиот јазик** преку телефон, написмено или преку аудио или видео запис.
- **Не мора** да им го дадете вашето име, адреса или телефонски број. Треба да им кажете кој јазик го зборувате и ако не сакате да ги објават вашето име и/или податоци за контакт.
- Може да ви помогне член од семејството или пријател. Исто така, можете да му кажете што сакате да кажете и тој/таа може да ја контактира Кралската комисија наместо вас.

---

- Можете да телефонирате на 1800 960 711.
- Ако е потребно, Кралската комисија ќе ви обезбеди преведувач.
- Преведувачот ќе напише на англиски јазик се што ќе кажете. **Оваа услуга е бесплатна.**
- Преведувачот ќе ве контактира подоцна за да потврди дека податоците што ги напишал се точни.

---

- Можете да напишете писмо или да испратите електронска порака.
- Информациите што ќе ги дадете може да бидат едноставни и кратки.
- Можете да пишувате **на вашиот јазик.**
- Преведувач ќе го преведе тоа што ќе го напишете на англиски јазик. **Оваа услуга е бесплатна.**
- Вашите идеи можете да ги испратите
  - преку пошта на: Royal Commission, GPO Box 1151, Adelaide, South Australia, 5001
  - преку е-пошта на: ACRCenquiries@royalcommission.gov.au
- Откако ќе ги примат вашите идеи, ќе ве известат за тоа на вашиот јазик.

---

- Можете да замолите некој да ве сними на вашиот јазик (аудио или видео запис).
- Записот не смее да биде поголем од 25MB. Ако е поголем, можете да го испратите во неколку делови.
- Преведувач ќе го преведе тоа што ќе го кажете на англиски јазик. **Оваа услуга е бесплатна.**
- Записот можете да испратите преку
  - е-пошта на: ACRCenquiries@royalcommission.gov.au
  - преку пошта на: Royal Commission, GPO Box 1151, Adelaide, South Australia, 5001
- Откако ќе го примат вашиот запис, ќе ве известат за тоа на вашиот јазик.



Кралската комисија може да стави на нејзината веб-страница тоа што го кажале некои луѓе.

- Можете да им кажете ако не сакате да го направат тоа.
- Исто така, можете да им кажете дека може да го стават тоа што сте го кажале на нивната веб-страница, меѓутоа да **не** го објават вашето име.

**ЗАПАМТЕТЕ!**

Ако имате идеи, мора да им ги кажете на Кралската комисија **пред 30 јуни 2020.**

Ви благодариме за помошта во подобрувањето на старосната нега за сите Австралијци!

FECCA

FECCA National Office
Unit 1, 4 Phipps Close
DEAKIN ACT 2605

PO Box 344
CURTIN ACT 2605

T +61 02 6282 5755
E admin@fecca.org.au

**www.fecca.org.au**